Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

Државен просветен инспекторат

## ЗАПИСНИК

**за извршен инспекциски надзор**
Број: Ип1 09-155

Датум: 04.07.2023 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| ОПШТИНА | Битола | |
| Назив на субјектот на надзор | ООУ „Коле Канински" | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Бранко Радичевиќ" 66 Битола | |
| Адреса за е-пошта | [redacted] | |
| Телефон | 047-239-490 | |
| Матичен број на субјектот | [redacted] | |
| Даночен број на субјектот | [redacted] | |
| Број на жиро сметка на субјектот | [redacted] | |
| Банка депонент | НБРМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| **Дијана [redacted]** | [redacted] | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 04.07.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор (дд.мм.гггг) | 05.07.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ООУ „Коле Канински" -Битола | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | основно образование | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Бранко Радичевиќ" 66 Битола | | |

1. Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на **<u>налог издаден од раководителот на инспекциската служба</u>** <u>(бр. 09-760/2 од 29.06.2023 год.)</u>.

2. Инспекцискиот надзор е извршен од :
- **Весна [redacted], Советник-Државен просветен инспектор - ДПИ Битола и**
- **Кочо [redacted], Советник-Државен просветен инспектор - ДПИ Битола.**

3. Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

- Собирање на парични средства за печатење на сведителства (член 3 став 1 од Законот за основното образование „Сл. весник на Р.С. Македонија" бр. 161/19 и 229/20)).

4. Во извршувањето на овој инспекциски надзор: Не е употребена листа за проверка, бидејќи се врши вонреден надзор.

5. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | e-mail |
|---|---|---|
| Дијана [redacted] | [redacted] | |

6. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| Ивона [redacted] | помошник директор |
| Михајло [redacted] | наставник- одделенски раководител на [redacted] одделение |
| Билјана [redacted] | наставник- одделенски раководител на [redacted] одделение |

7. Инспекторите пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот на инспекцискиот надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

8. Вонредниот инспекциски надзор се врши по задолжение на директорот на Државниот просветен инспекторат, а по поднесена писмена претставка (по емаил) од непознат подносител ([redacted] на dpi@dip.gov.mk), во која е наведено дека :
Известува дека во ООУ „Коле Канински"- Битола им барале пари за сведителства, моли да се испрати инспекција бидејќи барањето на пари за сведителства се случувало секоја година, некој очигледно сакал да направи пари врз грбот на родителите.

Во инспекцискиот надзор во однос на предметот на надзорот се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

1. На ден 20.06.2023 година одржан бил Наставнички совет (записник бр. 02-93/1), каде точка 2 е: „Утврдување на успехот и поведението на учениците од I до VIII одделение на крајот од учебната година". Во записникот под точка 2 (стр.2) е наведено дека : „Директорката напомена дека оваа учебна година одделенските раководители треба да изготват и додаток на сведителство. Напомена дека за изготвување на сведителствата и за додатокот на истите не смее да се собираат парични средства од родителите, со цел нивно електронско печатење".
2. На ден 22.06.2023 год. директорката достави писмено известување до Државен просветен инспекторат- Битола (бр. 03-6/3) во кое е наведено дека: „На предлог од родители од повеќе одделенија се даде дефинитвна и едногласна иницијатива да се изработат компјутерски сведителства на учениците, како документ кој во денешно време на дигитализација има цвој компатибилен изглед за употреба за разни намени и институции. Средствата кои ќе бидат потребни за таквата изработка ќе ја сносат самите родители и самите ќе ги уплатат. За наведеното сите одделенски наставници доставија

увид Изјави од родители. Ваквата состојба навремено, не се проследи како информавија од страна на одделенскиот наставник до директорот на училиштето, па од таа причина и самиот директор превзеде мерки согласно закон на чл. 73 од Законот за работни односи („Сл. весник на РМ" бр. 167/15) и подзаконски акти на училиштето и писмено фи предупреди наведените работниви - одделенски наставници за неисполнување на обврска и можноста за отказ во случај на натамошни кршења на истите".

3. Директорката и помошник директорката изјавија дека по спроведено истражување утврдиле дека имало иницијативи за собирање на пари (40 ден. или 60 ден.) меѓу родителите на учениците, само во централното училиште, а не и во подрачните училишта (с. Буково, с. Поешево и населба Буковски ливади).

4. За време на надзорот беа дадени на увид изјави од родители за согласност за доброволно давање на парични средства за електронска изработка на сведителставата, во следните паралелки во централното училиште: I-1, I-2,I-3, II-1, II-2, II-3, III-1, III-2, III-3, VI-3, VII-1, VII-2, VII-5 и VIII-2. Од увид во изјавите на родителите и од писмената изјава дадена од директорот се констатира дека не се целосно собрани сите изјави од сите родители (според број на ученици во паралелките).

5. Се констатира дека:

- во [redacted] одделение од 19 ученици собрани се 16 согласности од родители, и парите се предадени на изработувачот,
- во [redacted] одделение од 19 ученици собрани се 19 согласности од родители, и парите се предадени на изработувачот,
- во [redacted] одделение од 18 ученици собрани се 18 согласности од родители, и парите се предадени на изработувачот,
- во [redacted] одделение од 16 ученици собрани се 6 согласности од родители, и парите се предадени на изработувачот,
- во [redacted] одделение од 24 ученици собрани се 24 согласности од родители, и парите се предадени на изработувачот,
- во [redacted] одделение од 16 ученици собрани се 16 согласности од родители, и парите се предадени на изработувачот.

6. Според изјави на директорката и одделенскиот раководител Михајло [redacted] на [redacted] одделение, родителите на учениците од горенаведените паралелки собраните пари и ги предале на наставничката по информатика во училиштето ([redacted]) за електронска изработка на сведителствата.

7. Одделенскиот раководител [redacted] изјави дека одржал родителски состанок на 20.06.2023 г. каде родителите самоволно покренале иницијатива да собираат по 40 ден. од ученик за електронска изработка на сведителствата (од увид во Е-дневник на [redacted] паралелката тоа не е видно).

8. Според изјави на директорката и помошник директорката парите што почнале да се збираат од страна на родителите на учениците во другите паралелки, сеуште се во претставник од родителите на ученици по паралелки.

9. Согласно член 3 став 1 од Законот за основното образование („Сл. весник на Р.С. Македонија" бр. 161/19 и 229/20): „Секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основно училиште".

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

10. Се констатира повреда на наведениот член 3 од Законот за основното образование, заради што Државниот просветен инспектор ќе донесе решение за отстранување на пропустите.

– врз основа на која :

1. **<u>утврдени се неправилности кои се во надлежност на Државниот просветен инспекторат:</u>**
   **<u>- во I-3, II-3, III-2, III-2, VI-3 I VIII-2 одделение се собрани пари и предадени се на наставничката по информатика за електронска изработка на сведителства.</u>**

3) Со содржината на овој записник и со утв рдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

4) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

_________________/_________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | [redacted] |
| Датум: | 06.07 .2023 г. | Датум: | 05.07.2023 г. |
| Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините. | | | |

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

**Државен просветен инспекторат**

Број: <u>Ип1 09-155</u>

Датум: <u>04.07.2023 г.</u>

Државниот просветен инспекторат преку Весна [redacted], со службена легитимација број [redacted] и Кочо [redacted] со службена легитимација број [redacted] изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор ООУ „Коле Канински"- Битола, со адреса ул. „Бранко Радичевиќ" 66 Битола, застапувано од законскиот застапник Дијана [redacted] со [redacted] и со Записник број Ип1 09-155 од 04.07.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19) и член 31 став 2 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15 и 30/16), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се **ОПОМЕНУВА** <u>ООУ „Коле Канински" - Битола</u>:

1. **да ја отстрани повредата на чл. 3 ст. 1 од Законот за основно образование („Сл.в. на РСМ" бр. 161/19 и 229/20)**, сторена при собирање на парични средства во I-3, II-3, III-2, III-2, VI-3 I VIII-2 одделение кои биле предадени на наставничката по информатика во училиштето, за електронска изработка на сведителства на учениците, односно собраните пари да се вратат назад на родителите на учениците.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува <u>8 (осум)</u> дена.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување ( член 32 став 2 од Законот за просветната инспекција).

## Образложение

Државниот просветен инспекторат преку Весна [redacted] со службена легитимација број [redacted] и Кочо [redacted], со службена легитимација број [redacted], изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор ООУ „Коле Канински"-Битола, со адреса ул.

„Бранко Радичевиќ" бб - Битола, застапувано од законскиот застапник Дијана [redacted] со ЕМБГ [redacted] и состави Записник број Ип1 09-155 од 04.07.2023 година, во кој меѓу другото се костатира дека:

- **во во I-3, II-3, III-2, III-2, VI-3 I VIII-2 одделение се собрани пари и предадени се на наставничката по информатика за електронска изработка на сведителства, со што направена е повреда на чл. 3 ст.1 од Законот за основното образование, каде стои: „Секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование, во основно училиште".**

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението. (член 84 од Законот за инспекциски надзор)

Решено во Државен просветен инспекторат под број Ип1 09-155 од 04.07.2023 година.

Примено на ден 06.07.2023 год

**Државни просветни инспектори:**
Весна [redacted]
службена легитимација: [redacted]
Кочо [redacted]
службена легитимација: [redacted]

(потпис, име и презиме и број на службена легитимација на инспекторите

М.П.